# Одбивање на лекување

Refusal of Medical Treatment - Macedonian

Лекување за постојна болест може да се одбие со потпишување на *Цертификат за одбивање на лекување* (цертификат).

Цертификатот не може да се користи за одбивање на палиативна грижа: тоа значи, разумно олеснување на болките, како и храна и вода додека пациентот се уште е во можност да јаде и да пие.

## 1. Потпишување како компетентно лице

Цертификат може да се потпише од трана на пациент постар од 18 години кој има способност да ги разбере решенијата кои ги донесува.

### Како тоа функционира?

- Лекар и друго лице го потпишуваат формуларот *Цертификат за одбивање на лекување: Компетентно лице* изјавувајќи дека пациентот одбива лекување.
- Пациентот може да го потпише формуларот, исто така, за да потврди дека одбива лекување.
- Цертификатот го наведува видот на лекувањето кое пациентот го одбива.
- Лекарот кој го лечи пациентот може да пружи лекување само според условите од цертификатот.

### Барања

Пациентот кој потпишува цертификат мора:

- да даде доволно информации за неговата состојба
- да ги разбира информациите
- да разбира што прави со одбивањето на лекувањето
- да го донесе решението доброволно (може да биде советуван, но не смее да биде убедуван).

Лекарот и другото лице мора да бидат убедени дека овие барања се исполнети.

## 2. Потпишување на цертификат од страна на претставник или старател

Лице назначено да го претставува пациентот може да одбие лекување во име на пациентот. Ова може да биде:

- претставник, назначен од страна на пациентот со долготрајно полномошно (лекување), или
- старател, назначен од страна на Guardianship List при Victorian Civil and Administrative Tribunal (VCAT) за да донесува решенија за лекување.

### Како тоа функционира?

- Претставник или старател во присуство на сведоци го потпишуваат формуларот *Цертификат за одбивање на лекување: Претставник или старател на некомпетентно лице.*
- Тие го наведуваат видот на лекување кое сакаат да го одбијат.
- Лекарот кој го лекува пациентот може да пружи лекување само според условите од цертификатот.

### Барања

За да потпишат претставникот или старателот мора:

- да добиле доволно информации за состојбата на пациентот
- да ги разбираат овие информации
- да разбираат што прават со потпишувањето на цертификатот
- да го донесуваат ова решение доброволно (може да бидат советувани, но не и убедувани)
- да бидат убедени дека –
  - лекувањето ќе му донесе на пациентот премногу голем потрес, или
  - постои разумна основа да се верува дека пациентот после сериозно разгледување би сметал дека лекувањето е неоправдано.

## Каде може да се добие Цертификат за одбивање на лекување

Цертификати може да се симнат од интернет страната на Office of the Public Advocate (OPA) на www.publicadvocate.vic.gov.au.

## Цертификат за известување за одбивање на лекување

Повеќето цертификати ќе бидат потпишани во болница или друга институција, но може да се потпишат и дома.

**Office of the Public Advocate**
Level 5, 436 Lonsdale Street, Melbourne, Victoria 3000
PO Box 13175 Law Courts, Victoria 8010. DX 210293
Локален повик: 1300 309 337 TTY: 9603 9529 Телефакс: 1300 787 510
**www.publicadvocate.vic.gov.au**

The Victorian Civil and Administrative Tribunal
Guardianship List
55 King Street, Melbourne, Victoria 3000
Тел: (03) 9628 9911 Телефакс: (03) 9628 9932
Бесплатен повик: 1800 133 055
www.vcat.vic.gov.au

Лекар кој е сведок на потпишување на цертификат или раководител на болница или институција мора да испратат примерок од цертификатот до VCAT во рок од седум дена.

## Може ли пациентот да се предомисли?

Ако пациентот е компетентен цертификатот лесно може да се поништи во секое време со изјава на пациентот дека сака тоа да го стори. Добро би било ако лицето го стори тоа на писмено, но ова не е законско барање.

## Заштита

Секој оној кој има искрен интерес за добробитот на пациентот може да побара од VCAT да ги преиспита постапките на претставник или старател. VCAT може да суспендира или поништи долготрајно полномошно (лекување) или пресуда за старател ако претставникот или старателот не делуваат во најдобар интерес на пациентот.

Ако ова се случи, секој цертификат потпишан од страна на претставник или старател се поништува. VCAT ќе испрати писмено известување потврда до болницата или старскиот дом. Ако пациентот не е стациониран кај нив, VCAT ќе го извести и лекарот кој го лекува пациентот.

Секој корисник на тестамент на пациент кој користи влијание или делува несоодветно за да добие цертификат, ќе ги изгуби неговите права според тестаментот на пациентот.

## Медицински практиканти

Противзаконски е медицински практикант да продолжи да лечи пациент ако знаат дека постои важечки цертификат.

Медицински практикант кој, со најдобра намера, одбива да пружи лекување во сообразност со цертификат заштитен е со закон.

## Повеќе информации

За повеќе информации појдете на www.publicadvocate.vic.gov.au или јавете се на OPA Advice Service на 1300 309 337.

**The Office of the Public Advocate** е независно тело основано од страна на Владата на Викторија. Тоа работи на промовирање на интересите, човечките права и достоинството на жителите на Викторија со онеспособености. Тоа пружа информации, совети, образување и помош со застапништво, старателство, полномошна и согласности за лекување и забни постапки.

**The Office of the Public Advocate** поддржува три доброволни програми, Community Visitors Program, Independent Third Persons Program и Community Guardianship Program. Community Visitors го надгледува квалитетот на услугите за онеспособени лица заради заштита на правата на овие луѓе. Independent Third Persons обезбедува подршка за луѓе со когнитивна онеспособеност или ментална болест кои имаат контакт со полицијата. Community Guardians се доброволци назначени како старатели за луѓето во Викторија со когнитивна онеспособенст кои не можат да донесуваат решенија за себе си.

**За повеќе информации појдете на:**
**www.publicadvocate.vic.gov.au**
или јавете се на нашата линија за совети на 1300 309 337
(по цена на локален повик).

04/11